# ПОЛИТИЧКА ГЕОГРАФИЈА

Летен семестар, академска 2025/2026 година

**Предметен наставник**: д-р Горан Китевски, доцент
**Предметен асистент**: /

**Контакт**: kitevski.pmf@gmail.com
kitevski@pmf.ukim.mk

**Термини на настава**:
*Предавања*: вторник, 11-13, предавална бр. 122
*Вежби*: вторник, 13-15, предавална бр. 122

**Термини за консултации**: среда, од 12 до 14 ч.

**Литература за предметот**:

*Задолжителна*: 1. Мирко Грчиќ (2000): Политичка географија, Географски факултет – Белград (одбрани поглавја преведени на македонски за потребите на предметот)
2. Мијалов, Р. (2010): Политичка географија, Скрипта за интерна употреба
3. Материјали од предавања

*Дополнителна*: 1. Martin Jones; Rhys Jones; Michael Woods (2004): An Introduction to Political Geography: Space, Place and Politics
2. John Rennie Short (1993): An Introduction to Political Geography, Routledge
3. W. Gordon East, J. R. V. Prescott (1975): Our Fragmented World: An Introduction to Political Geography, Palgrave Macmillan UK
4. Joe Painter, Alex Jeffrey (2009): Political Geography: An Introduction to Space and Power, SAGE
5. Igor Okunev (2024): Political Geography, Peter Lang, Lausanne.

**Опис на програмата на предметот:**

Предметот ги анализира политичките структури и процеси во нивната просторна димензија, со посебен акцент на политичките системи, државната организација и територијалната артикулација на власта. Се проучуваат глобалните пополитички системи и интеграциските групи, како и позиционирањето на државите во меѓународниот поредок. Посебно внимание се посветува на својствата и составот на државната територија, меѓународните и интернационализираните ентитети, зависните територии и нивниот правно-политички статус.

Во рамките на предметот се обработуваат главните градови и центрите како јадра на политичка моќ, границите и линиите на разграничување и контакт, како и регионите и општините како нивоа на внатрешна територијална организација. Дополнително, се анализира просторниот идентитет како клучна категорија во разбирањето на односот меѓу политиката, територијата и колективната припадност. Студентите стекнуваат знаење за функционирањето на политичкиот простор и за интеракцијата меѓу територијата, институциите и политичките процеси.

**Студентски обврски:**

Активно следење и учество во наставата и вежбите. Изработка на проектни задачи и семинарски труд. Предвидени се два контролни теста и два колоквиуми.

**Параметри за оценување:**

1. Прв колоквиум – 30%
2. Втор колоквиум – 30%, или
3. Испит – 60%
4. Присуство, активност, проектна задача – 20%
5. Изготвување и презентација на семинарски труд – 20%

**Календар и рокови на активности:**

| **Термин** | **Тематска содржина** |
|---|---|
| 24.2. | Вовед во предметот |
| 3.3. | Извори на политичко-географските идеи; Методолошки модели на политичката географија |
| 10.3. | Основи за географска теорија на државата; Простор и моќ на државата; територијален суверенитет на државата |
| 17.3 | Територија на државата; Географска положба на државата |
| 24.3 | Државни граници |
| 31.3 | Централно јадро и главен град на држава; Население и држава |
| 7.4. | *Колоквиум I* |
| 14.4. | Културниот простор и државата |
| 21.4. | Религии и држава |
| 28.4. | Економски простор и државата |
| 5.5. | Политички системи и нивните облици; Електорална географија |
| 12.5. | Политичка географија на РС Македонија |
| 19.5. | Предметен семинар |
| 26.5. | *Колоквиум II* |